Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Триесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 14 декември 2024 година

Скопје, декември 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 декември 2024 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 17:10 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваше м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање и членовите на Владата Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија, на седницата учествуваше и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, како и м-р Марија Митева, портпарол на Владата на Република Северна Македонија

На седницата не учествуваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2024 година

2. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2024 година

3. Предлог-програма за изменување на Програмата за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2024 година

4. Предлог-програма за изменување на Програмата за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2024 година

5. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година

6. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2024 година

7. Предлог-програма за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2024 година

8. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2024 година

9. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2024 година

10. Предлог-програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2024 година

11. Предлог-програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2024 година

12. Кадровски прашања

13. Прашања и предлози

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2024 година.

**Точка 2**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2024 година.

**Точка 3**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2024 година.

**Точка 4**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2024 година.

**Точка 5**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година.

**Точка 6**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2024 година.

**Точка 7**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2024 година.

**Точка 8**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2024 година.

**Точка 9**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2024 година.

**Точка 10**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2024 година.

**Точка 11**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2024 година.

**Точка 12**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 13**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:15 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Игор Јанушев**

**Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**